**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-548/9**
**Скопје,27.10.2006 година**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**
**Проект за развој на деца и млади – Холандски грант**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за млади и спорт Проект за деца и млади – Холандски грант за 2005 година, кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема вршено ревизија, ниту има издадено извештај за финансиските извештаи на сметката Проект за деца и млади – Холандски грант за годината која и предходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на Агенцијата за деца и млади Проект за деца и млади – Холандски грант застапувано од:

   - Георги Трајчев директор на Агенција за млади и спорт.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 31/08/2006 до 04/09/2006 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел:3 211 -262; факс 3126-311;*

***Овластен државен ревизор***

__________________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, дадени како составен дел на овој Конечен извештај е утврдено следното:

**10.1. Ненаменско и незаконско користење на средства**

10.1.1. Ревизијата не се увери во оправданоста на направените расходи во износ од 6,034 илјади денари за исплати на здруженијата на граѓани и други организации за извршени услуги, од причина што на ревизорите не им беа доставени периодичните и финални извештаи од здруженијата за извршените работи.

Извршените исплати се по основ на склучени договори помеѓу Агенцијата и здруженија на граѓани и други организации и тоа:

- од програмата за мали грантови,
- за консултантски услуги за прибирање информации,
- за отварање и подршка на Вавилон центрите.

**Препорака**

Одговорното лице кај здруженијата навремено да ја доставува целокупната документација поврзана со работењето на здруженијата заради контрола на наменското трошење на средствата.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи вистинито и објективно ја претставуваат финансиската состојба на сметката Проект за деца и млади – Холандски грант под 31.12.2005 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2005 година.

12. Според наше мислење, поради наодите изнесено во точката 10.1.1. не остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои претставуваат државни расходи.

**Скопје, 26/10/2006 година**

**Агенција за млади и спорт**
**Проект за развој на деца и млади- Холандски грант**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 15,208 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **15,208** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2. | 10,241 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **10,241** | **0** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 4,862 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **4,862** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **15,103** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **105** | **0** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **105** | **0** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

**Агенција за млади и спорт**
**Проект за развој на деца и млади- Холандски грант**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 105 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2 | 2,116 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,221** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **2,221** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1 | 2,116 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2 | 105 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2,221** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **2,221** | **0** |